2018

# АМБЛЕМОТ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА



Црвен крст на Република Македонија

# АМБЛЕМОТ
# НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина имаат мошне големо значење.

При правилна употреба амблемите означуваат хуманитарна заштита.

Амблемите ја претставуваат врска помеѓу Меѓународното хуманитарно право и Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина на меѓународно ниво.

Амблемот на Црвен крст е знак на непристрасна и неутрална помош за лицето кому таа помош е потребна. Негова цел е да ги заштити жртвите и оние кои им помагаат на жртвите.

**Употребата на знакот е регулирана со меѓународното хуманитарно право. Може да се користи само од воено медицински персонал и националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.**

# ИСТОРИЈАТ

Во 1863 година црвениот крст на бела основа беше усвоен на меѓународна конференција знак на распознавање на организациите кои им помагаат на ранетите војниците.

Во 1864 година на дипломатската конференција црвен крст е признат како за распознавање на военото медицински персонал и санкциониран во меѓународното хуманитарно право со усвојување на првата Женевска конвенција во 1864 година.

Во 1876 година, за време на т.н. источна војна на Балканот, Отоманската империја одлучи да користи црвената полумесечина на бела основа наместо црвен крст, со објаснување дека крстот ги повредува чувствата на муслиманските војници.

Во 1929 година, на дипломатската конференција се признаени два други амблеми како знаци на распознавање на лекарскиот персонал а тоа се црвената полумесечина и иранскиот црвен лав и сонце.

Во 1980 година, Исламската република Иран се откажа од црвениот лав и сонце, и ја усвои црвената полумесечина.

Според тоа моментно се во употреба два симбола: црвен крст и црвена полумесечина.



# УПОТРЕБА НА АМБЛЕМОТ
## (СО ГОЛЕМИ ДИМЕНЗИИ)

**Во време на војна:**

1. Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина се признаени од своите влади и имаат право да им помагаат на медицински служби во војската. Може да го користат амблемот за заштита, но само за персонал и опрема кои им помагаат медицинските служби на војската во воени услови.
2. Амблемот може да се користи за заштита на цивилна болница. Треба да е со големи димензии за да се гледа оддалеку.
3. Медицинските служби на војската може да го користат амблемот со големи димензии за заштита за време на војна.

**Во мирновременски услови:**

1. Заштитна улога на амблемот на возило на Меѓународниот комитет на Црвен крст.



# УПОТРЕБА НА АМБЛЕМОТ
## ВО ИНДИКАТИВНИ ЦЕЛИ (СО МАЛИ ДИМЕНЗИИ)

**Во војна:**

1. Амблемот се користи да означи дека тоа лице е испратено од Меѓународното движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина.

**Во мирновременски услови:**

1. Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина имаат овластување да го користат амблемот во согласност со нивното национално законодавство и во согласност со регулативите за употреба на амблемот од 1991 година.
2. Националните друштва може да спроведуваат активности употребувајќи го амблемот, само ако тие активности се во согласност со Основните принципи на Црвен крст и Црвена полумесечина.



# ЗЛОУПОТРЕБА НА АМБЛЕМОТ

Погрешната употребата на амблемот (како средство за обележување), ја девалвира неговата слика во јавноста и како последица на тоа, ја намалува неговата заштитна улога во време на војна.

Погрешната употребата на амблемот (како средство за заштита во време на војна) го загрозува системот на заштита воспоставен со меѓународното хуманитарно право.

Државите потписнички на Женевските конвенции се имаат согласено да превземат казнени мерки за заштита и спречување на погрешната употреба на амблемот, како во мирновремenski услови, така и во војна.

Било која употреба на амблемот која претходно не е дозволена со меѓународното хуманитарно право претставува погрешна употреба. Постојат три вида на злоупотреба на амблемот.



**ИМИТАЦИЈА** – кога се користи мошне сличен амблем (по боја и по форма), со оригиналниот амблем, што предизвикува забуна.

Честопати погрешна употребата на амблемот се случува поради незнаење. Откако оние што погрешно го употребиле знакот ќе бидат запознати со значењето на амблемот како систем на хуманитарна заштита, ќе почнат да користат друг знак.

Перфидна злоупотреба на амблемот има кога тој се користи во војна за да ги заштити војниците или воената техника.

Првиот Дополнителен протокол на Женевските конвенции ја обработува перфидната злоупотреба на амблемот како воено злосторство, кога е тоа сторено со намера и кога за последица имало смрт или сериозни повреди.

Нивото на санкционирање опишано погоре го покажува значењето што го има амблемот во меѓународната заедница. Со ова амблемот спаѓа во редот на правното заштитени вредности на системот на хуманитарно право.






# ЗОШТО МОРА ДА СЕ САНКЦИИ
## НА ПОДОБРУВАЊА НА ЕМБЛЕМ?

Амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина се центаралната точка на целата хуманитарна активност: тие треба да ги заштитуваат жртвите, и оние кои дошле да им помогнат.

Слика за амблемот како заштитно средство треба да се гради уште во мирновременски услови, инаку кога ќе започне вооружен судир може да биде доцна.

Со спречувањето на неправилната употреба на амблемот ќе бидеме сигурни дека во војна жртвите нема да бидат препуштени сами на себе и дека оние кои дошле да им помогнат ќе знаат дека можат безбедно да ја вршат својата работа.

Секој може да даде свој придонес во зајакнувањето на заштитната вредност на амблемот. Сите ние сме индивидуално одговорни знаејќи дека можеби, утре токму овој амблем ќе ни го спаси животот.



# ЦРВЕНИОТ КРСТ
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Кога е формиран Црвениот крст на Република Македонија?**

- Црвен крст на Република Македонија е формиран на 17 март 1945 година со Одлука на Президиумот на заседанието АСНОМ.

Црвениот крст на Република Македонија е самостојно национално друштво од 21 мај 1992 година.

**Кога Црвениот крст на Македонија се приклучи на меѓународното движење?**

- Во 1995 година Црвениот крст на Република Македонија е признат како самостојно национално друштво на Црвен крст од страна на Меѓународниот комитет на Црвен крст, а на 27 ноември истата година во Женева на Генералното собрание на Меѓународната движење стана полноправен член на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвената полумесечина.



**Кога беа потпишани Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година потпишани од страна на Република Македонија?**

- Владата на Република Македонија ги ратификува и ги потпиша овие документи на 25 август 1993 година.

**Регулирање на заштитата на амблемот?**

- Употребата и заштитата на амблемот на Црвениот крст е регулирано во Законот за Црвен крст на Република Македонија, донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 26 јули 1994 година (Службен весник N.41 / 9 од 26 јули 1994 година (службен весник бр .41/94), каде што се предвидени одредби за превземање мерки за правилно користење на амблемот на Црвен крст за спречување на неговата злоупотреба.



# Меѓународен комитет за Црвен крст

Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) е основан од пет Швајцарци во 1863 година (Анри Динан, Гици-Анри Дуфор, Густав Муниј, Луи Апија и Теодор Мануар).

Меѓународниот комитет е непристрасна, неутрална и независна хуманитарна организација.

Основана е во војна, пред повеќе од 130 години.

Нема друга организација слична слична на МКЦК.

Меѓународната заедница му го има пренесено овластувањето за мандатот на МКЦК.

МКЦК е неутрален посредник помеѓу завојуваните страни.

Како промотер и заштитник на меѓународното хуманитарно право, се стреми да ги заштити и да им помогне на жртвите во војна, внатрешни немири или при други внатрешни судири.

МКЦК е активен во повеќе од 60 земји и ангажира околу 9000 членови.



# ШТО Е
## МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО?

Меѓународното хуманитарно право, исто така познато како право за вооружени судири, е збир на правила, во војна, ги заштитуваат лицата кои не учествуваат во конфликтот и право кое ги ограничува методите на воените дејствиа.

Извадоци од Женевските Конвенции:

1. Ранетите и болните, мора да бидат згрижени од страната која ги заробила. Медицинскиот персонал, медицинските установи, медицинскиот транспорт и опремата мора да бидат поштедени. Црвен крст или Црвена полумесечина на бела основа е знакот кој ги заштитува овие лица и предмети и објекти и тоа мора да биде почитувано.
2. Заробените војници и цивили кои се под власт на оној што ги заробил, имаат право на свој живот, достоинството, лични права како и право на нивно политичко, религиско или друго убедување. Мора да бидат заштитени од насилство или репресија. Имаат право да разменуваат семејни вести со нивните фамилии и да примаат помош.
3. Завојуваните страни мора да прават разграничување помеѓу цивилното население и борците за да бидат поштедени цивилите и цивилните објекти. Не смеат да се напаѓаат цивили.



# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ
## НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

### ХУМАНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕПРИСТРАСНОСТ

*Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.*

### НЕУТРАЛНОСТ

*Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.*

### НЕЗАВИСНОСТ

*Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.*

### ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

*Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.*

### ЕДИНСТВО

*Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.*

### УНИВЕРЗАЛНОСТ

*Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.*

**www.redcross.org.mk**

